Врз основа на член 5 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16 и 11/18), Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, на седницата одржана на ден 26 - 03 2020 година, донесе

**Д Е Л О В Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

**Член 1**

Во Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со број 0101 - 827 од 12.05.2014 година, број 0101 - 2027 од 01.12.2014 година, број 0101 - 118 од 17.01.2019 година и број 0101 - 118/2 од 17.10.2019 година, во членот 16 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Во случај на воена и вонредна состојба или итна и неодложна потреба за одржување на седница на Државната комисија, претседателот на Државната комисија може да ја отвори и води седницата со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).“

**Член 2**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

**Број** 0101 - 453/1
26 - 03 **.2020 година**
**СКОПЈЕ**